Врз основа на член 50 став (1) точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02 и "Службен весник на РСМ" бр.202/24), а во врска со член 85 став (1) од Статутот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.2/06, 14/12, 10/13, 14/13, 12/14, 4/22 и 9/23), Градоначалникот на Општина Гази Баба донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА ЗАШТИТА НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА И ПРИРОДАТА НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА ЗА 2025 ГОДИНА**

1. Се објавува Програмата за заштита на животната средина и природата на Општина Гази Баба за 2025 година, што Советот на Општина Гази Баба ја донесе на седницата одржана на 25 декември 2024 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 08-6904/26**
**од 26 декември 2024 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Бобан Стефковски, с.р.**

ул.Архимедова бр.2
1000 Скопје, Македонија

ОПШТИНА ГАЗИ БАБА - СКОПЈЕ

**ОПШТИНА ГАЗИ БАБА**

**Сектор за заштита на животната средина и природата**

# ПРОГРАМА

# ЗА ЗАШТИТА НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА И ПРИРОДАТА НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА ЗА 2025 ГОДИНА

**Декември, 2024 година**

## ПРОГРАМА ЗА ЗАШТИТА НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА И ПРИРОДАТА НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА ЗА 2025 ГОДИНА

| Бр. | Планирана активност | ПЕРИОД НА РЕАЛИЗАЦИЈА | ПЛАНИРАНИ СРЕДСТВА | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | БУЏЕТ НА ОГБ | ДОНАЦИЈА | БУЏЕТ НА РМ | ЦЕНТАР ЗА РАЗВОЈ НА СКОПСКИ ПЛАНСКИ РЕГИОН | ЕУ ФОНДОВИ | КРЕДИТ | ВКУПНО |
| | | во месеци | извори на финасирање во МКД | | | | | | во МКД |
| 1 | Субвенционирањена граѓаните на општина Гази Баба за купувањена високоенергетски клима уред за затоплување | | 2,000,000.00 | | | | | | **2,000,000.00** |
| 2 | Субвенционирањена граѓаните на општина Гази Баба за набавка и вградувањена сончеви колектори | | 1,000,000.00 | | | | | | **1,000,000.00** |
| 3 | Субвенционирањена граѓаните на подрачјето на општина Гази Баба за купувањена велосипед | | 500,000.00 | | | | | | **500,000.00** |
| 4 | Субвенционирањена граѓаните на подрачјето на општина Гази Баба за купувањена печки на пелети | | 500,000.00 | | | | | | **500,000.00** |
| 5 | Субвенционирањена граѓаните на подрачјето на општина Гази Баба за вградувањена уреди за течен гас/метан или друг вид на алтернативно гориво кај возила | | 300,000.00 | | | | | | **300,000.00** |
| 6 | Субвенционирањена граѓаните на општина Гази Баба за чистење на оџаци во своите домаќинства | | 50,000.00 | | | | | | **50,000.00** |
| 7 | Субвенции за стерилизација на домашни миленици(кучиња и мачки) | | 200,000.00 | | | | | | **200,000.00** |
| 8 | Еколошки конкурс | | 300,000.00 | | | | | | **300,000.00** |
| 9 | Изработка на Елаборати за заштита на животната средина и Стратегиски оценки на влијанието врз животната средина | | 100,000.00 | | | | | | **100,000.00** |
| 10 | Изработка на Елаборати за утврдувањена заштитни зони за водните тела наменети за водоснабдување | | 1,100,000.00 | | | | | | **1,100,000.00** |
| 11 | Одобрувањена елаборати за заштита на животната средина | | 0.00 | | | | | | **0.00** |
| 12 | Изготвувањена физибилити студија за управувањеи третман на биолошки отпад (компостирање) | | 0.00 | | | | **УНДП** | | **0.00** |

## ПРОГРАМА ЗА ЗАШТИТА НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА И ПРИРОДАТА НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА ЗА 2025 ГОДИНА

| Бр. | Планирана активност | ПЕРИОД НА РЕАЛИЗАЦИЈА | ПЛАНИРАНИ СРЕДСТВА | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | БУЏЕТ НА ОГБ | ДОНАЦИЈА | БУЏЕТ НА РМ | ЦЕНТАР ЗА РАЗВОЈ НА СКОПСКИ ПЛАНСКИ РЕГИОН | ЕУ ФОНДОВИ | КРЕДИТ | ВКУПНО |
| | | во месеци | извори на финасирање во МКД | | | | | | во МКД |
| 13 | Изработка на техничка документација со Физибилити студија за Собирен центар за управување со цврст отпад | | 0.00 | | | | УНДП | | 0.00 |
| 14 | Изработка на Акционен план на Зелената Агенда за општина Гази Баба | | 0.00 | | | | Центар за климатски промени | | 0.00 |
| 15 | Компаративна анализа на квалитетот на амбиентиот воздух во урбаната и руралната средина на територија на Општина Гази Баба | | 0.00 | | | | Универзитет Гоце Делчев - Штип | | 0.00 |
| 16 | Организирање на Генералка викенд 2025 година | | 0.00 | | | | НВО Мен анд Маунтаин | | 0.00 |
| 17 | Искористување на земјиштето и вреднување на екосистемските услуги за шумски и тревни екосистеми на пилот-локалитетите во северо-западниот дел на Северна Македонија | | 0.00 | | | | УНЕП и МЖСПП | | 0.00 |
| 18 | Изработка на Локален план за управување со води | | 0.00 | | | | РСДН, ГИЗ и ЗЕЛС | | 0.00 |
| 19 | Реализација на активности за проектот ‘‘Училишни Улици” | | 150,000.00 | | | | | | 150,000.00 |
| | | | | | | | | | |
| | ВКУПНО | | 6,200,000.00 | 0.00 | 0.00 | 0.00 | 0.00 | 0.00 | 6,200,000.00 |
| | | | | | | | | | |
| | Структура во % | | 0.00 | 0.00 | 0.00 | 0.00 | 0.00 | 0.00 | 0.00 |

Врз основа на член 22 став (1) точка 2, член 36 и 62 став (1) од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02 и "Службен весник на РСМ" бр.202/24), член 3 став (3) од Законот за животната средина ("Службен весник на РМ" бр.53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14, 44/15, 129/15, 192/15, 39/16, 99/18, и "Службен весник на РСМ" бр. 89/22 и 171/22), Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.61/04, 96/04, 67/07, 156/09, 47/11, 192/15, 209/18 и "Службен весник на РСМ" бр.244/19, 53/21, 77/21, 150/21 и 173/22) и член 151 став (2) од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.4/06 и 12/13), Советот на Општина Гази Баба на педесет и првата седница одржана на 25 декември 2024 година, донесе

# П Р О Г Р А М А

## ЗА ЗАШТИТА НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА И ПРИРОДАТА НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА ЗА 2025 ГОДИНА

### I ВОВЕД

Мерките и активностите за заштита и унапредување на животната средина се од јавен интерес, заради што општината Гази Баба е должна да планира соодветни активности и од својот буџет да обезбеди финансиски средства за таа цел.

Оваа Програма има за цел да ги утврди мерките за заштита на животната средина и природата на подрачјето на општината за 2025 година преку конкретни активности во рамките на сите медиуми и области на животната средина.

Медиуми на животната средина се: воздухот, водата и почвата.

Области на животната средина се: отпадот, бучавата, вибрациите, јонизирачкото и нејонизирачкото зрачење, природата, биодиверзитетот, климата, миризбата и сите елементи кои претставуваат неделива целина од животната средина.

Со Програмата се дефинираат конкретните проекти, потребата од нивно реализирање, целите кои со тоа ќе се постигнат и потребните финансиски средства.

### II ПРАВНИ ОСНОВИ

Заштитата на животната средина и зачувувањето на природата се основни уставни вредности на Република Северна Македонија. Секој има право на здрава животна средина, како и одговорност да ја штити и подобрува.

Појдовна основа за планирање, развивање и реализирање на активностите од областа на заштитата на животната средина и природата е Законот за животната средина („Службен весник на Република Македонија" бр.53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 159/08, 83/09, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14, 44/15, 129/15, 192/15, 39/16, 99/18, и "Службен весник на РСМ" бр. 89/22 и 171/22), како рамковен правен акт ги уредува активностите за:

- Зачувување, заштита, обновување и унапредување на квалитетот на животната средина,
- Заштита на животот и на здравјето на луѓето,
- Заштита на биолошката разновидност,
- Рационално и одржливо користење на природните богатства и
- Спроведување и унапредување на мерките за решавање на регионалните и на глобалните проблеми на животната средина, при што ги утврдува надлежностите на Општина Гази Баба во тој домен.

Посебните закони, Законот за квалитетот на амбиентниот воздух („Службен весник на Република Македонија“ бр.67/04, 92/07, 35/10, 47/11, 59/12, 100/12, 163/13, 10/15,146/15 и 151/21), Законот за водите („Службен весник на Република Македонија“ бр.87/08, 6/09, 161/09, 83/10, 51/11, 44/12, 23/13, 163/13, 180/14, 146/15, 52/16 и 151/21), Законот за заштита од бучава во животната средина („Службен весник на Република Македонија“ бр.79/07, 124/10, 47/11, 163/13 и 146/15 и 151/21), Законот за заштита на природата („Службен весник на Република Македонија“ бр. 67/04, 14/06, 84/07, 35/10, 47/11, 148/11, 59/12, 13/13, 163/13, 27/14, 41/14, 146/15 и 63/16 и 151/21), кои се однесуваат на конкретни медиуми или области на животната средина, и нивните подзаконски акти, ги утврдуваат ингеренциите на Општина Гази Баба во областа на заштитата на животната средина, односно наведените медиуми и области.
Активностите на општината во областа на животната средина произлегуваат и од поширока правна регулатива, која ги опфаќа јавното здравје, управувањето со отпад, шумарството, ловот, риболовот, органското земјоделство, производството на храна, безбедноста на производи, безбедниот транспорт и др.

## III.ЦЕЛИ И ЗАДАЧИ НА ПРОГРАМАТА

Главна цел на Програмата е заштита и зачувување на квалитетот на сите медиуми на животната средина, во рамките на законските надлежности, а со тоа и заштита на здравјето и подобрување на квалитетот на животот на граѓаните.
Програма ги утврдува мерките за заштита на животната средина, природата и во областа на енергетиката, енергетската ефикасност и обновливите извори на енергија на подрачјето на општина Гази Баба за 2025 година, преку конкретни активности во рамките на сите медиуми (воздухот, водата и почвата) и области на животната средина (отпадот, бучавата, нејонизирачкото зрачење, природата, биодиверзитетот и климата) и сите елементи кои претставуваат неделлива целина од животната средина.

Со Програмата се дефинираат конкретните проекти, потребата од нивно реализирање, целите кои со тоа ќе се постигнат и потребните финансиски средства.

Предмет на оваа Програма се активности во надлежност на Општина Гази Баба во сферата на заштитата на животната средина, што ќе се реализираат во текот на 2025 година. Програмата се темели на начелата прокламирани со Законот за животна средина, на кои се засновува заштитата на животната средина:

- **Начело на висок степен на заштита**

Секое правно и физичко лице при преземањето активности или при вршењето дејности, треба да обезбеди висок степен на заштита на животната средина и здравјето на луѓето.

- **Начело на превенција**

Мерките и активностите за заштита на животната средина се преземаат пред да дојде до штетни последици.

- **Начело на претпазливост**

Доколку постои основано сомневање дека одредена активност може да предизвика штетни последици врз животната средина, се преземаат неопходни мерки за заштита пред да стане достапен научниот доказ дека такви штетни последици би можеле да настанат.

- **Начело на одржлив развој**

Заради задоволување на потребите за здрава животна средина, како и социјалните и економските потреби на сегашните генерации, без притоа да се загрозат правата на идните генерации да ги задоволат сопствените потреби, при преземањето на било која дејност задолжително треба да се води сметка за рационално и одржливо користење на природните богатства.

- **Начело на интегрираност**

Основите и целите на политиката за заштита и унапредување на животната средина мораат да се интегрираат во сите развојни, стратешки, плански и програмски документи кои ги донесуваат органите на власта на сите нивоа.

- **Начело на учество на јавноста и пристап до информации**

Органите на сите нивои на власта се должни да ги обезбедат сите потребни мерки и да пропишат постапки со кои се обезбедува остварување на правото на пристап до информациите и учество на јавноста во донесувањето на одлуките кои се однесуваат на состојбата на животната средина, како и да обезбедат изјаснување на јавноста во постапката за донесување на тое одлуки.

- **Начело на подигање на јавната свест за значењето и заштитата на животната средина**

Научните, образовните, здравствените, информативните, културните и другите институции и правни лица, вклучувајќи ги и здруженијата на граѓаните, во рамките на нивните активности, промовираат и обезбедуваат подигање на јавната свест за животната средина, за нејзиното значење, како и за потребата од активно учество во нејзината заштита и унапредување.Со Програмата се предвидени активности кои општина Гази Баба ќе ги реализира во насока на:

- следење на состојбите и подобрување на квалитетот на медиумите и областите на животна средина,
- заштита на природните вредности,
- интегрирање на прашањата за заштита на животната средина,
- подобрување на здравјето и благосостојбата на граѓаните и
- подигање на јавната свест за значењето на животната средина.
- спроведување на мерки и активности во областа на енергетиката, енергетската ефикасност и обновливите извори на енергија.

## IV ПЛАНИРАНИ АКТИВНОСТИ

***<u>1. Субвенционирање на граѓаните на општина Гази Баба за купување на високоенергетски клима уред за затоплување</u>***

Најголемиот проблем во областа на заштитата на животната средина, со кој се соочува Општина Гази Баба е нарушениот квалитет на амбиентниот воздух во градот, особено со партикуларните честички (ПМ10 и ПМ2,5). Една од поголемите причини за емисија на овие честички е затоплувањето на домовите кои не се приклучени на централно греење, пред се заради нецелосното и несоодветно согорување на огревното дрво, несоодветниот квалитет на дрвото и начинот на негово чување и употребата на стари, дотраени и технички неисправни печки.

Давањето субвенции за набавка на високоенергетски клима уреди создава услови за поголем број граѓани да се одлучат да инвестираат средства за нов начин на греење, со кој ќе се намали загадувањето, односно поттикнување за примена на почисто гориво со што ќе се намали аерозагадувањето.

За спроведување на оваа мерка ќе се постапува согласно Одлуката за

користење на финансиските средства од буџетот на Општина Гази Баба за субвенционирање на граѓаните на Општина Гази Баба за купување на високоефикасни инвертер клима уреди број 09-1233/34 од 27 февруари 2023 година (*Службен гласник на Општина Гази Баба бр.4 од 02 март 2023 година*) во кој се регулирани постапката за субвенционирање на граѓани за купување високоенергетски клима уреди за затоплување, условите и висината на субвенцијата која ќе се исплаќа на граѓаните.

**За спроведување на оваа мерка се предвидуваат финансиски средства во износ од 2.000.000,00 денари.**

***2. Субвенционирање на граѓаните на општина Гази Баба за набавка и вградување на сончеви термални колектори***

Давањето субвенции за набавка и вградување на сончеви термални колекторски системи (колектори, резервоар за топла вода и потребна инсталација до бојлерот) има за цел преку користење на сончевата енергија за затоплување на водата во бојлерот да го намали загадувањето на амбиентниот воздух, кое истовремено ќе допринесе кон намалувањето на климатските промени.

За спроведување на оваа мерка изготвена е Одлука за користење на финансиските средства од буџетот на Општина Гази Баба за субвенционирање на граѓаните на општина Гази Баба за набавка и вградување на сончеви термални колектори бр.09-409/12 од 30 Јануари 2024 година (*Службен гласник на Општина Гази Баба бр.4 од 02 февруари 2024 година*), во која ќе се пропишат условите и висината на субвенцијата која ќе им се исплаќа на граѓаните.

**За спроведување на оваа мерка се предвидуваат финансиски средства во износ од 1.000.000,00 денари.**

***3. Субвенционирање на граѓаните на подрачјето на општина Гази Баба за купување на велосипед***

Еден од доминантните загадувачи на воздухот во општината и во градот Скопје претставува сообраќајот. Со предложената активност се придонесува кон намалување на најголемиот проблем во областа на сообраќајот, а тоа е зголемениот интензитет на сообраќај особено во врвните часови од денот. Зголеменото користење на автомобили значително влијае и на загадувањето на воздухот, особено на зголемувањето на количество на цврстите честички ПМ10. Развиените и еколошки свесни општествени заедници повеќе години работат на промоција на употребата на алтернативни превозни средства, чија предност, за разлика од автомобилите, е намалување на метежот во сообраќајот и загадувањето на животната средината. Едно од алтернативните превозни средства е секако велосипедот, кој е најприфатлив за користење во градови со рамна површина.

За спроведување на оваа мерка ќе се постапува согласно измената во Глава I од Општите Одредби, член 3 од Одлуката за користење на финансиските средства од буџетот на Општина Гази Баба за субвенционирање на граѓаните на општина Гази Баба за купување на велосипеди (*Службен гласник на Општина Гази Баба бр.4/23 и бр.2/24)* во која се регулирани постапката за субвенционирање на граѓани за купување велосипед, условите и висината на субвенцијата која ќе им се исплаќа на граѓаните и кој гласи :

**За спроведување на оваа мерка се предвидуваат финансиски средства во износ од 500.000,00 денари.**

***4.Субвенционирање на граѓаните на општина Гази Баба за купување на печки на пелети***

Давањето субвенции за набавка на печки на пелети создава услови поголем број граѓани на општина Гази Баба да одлучат да инвестираат средства во нов начин на греење, набавка на почисто гориво и поквалитетни печки, кое ќе допринесе за намалување на загадувањето на амбиентниот воздух со истовремено намалување на загадувањето на воздухот во внатрешноста на просториите кои се затоплуваат.

За спроведување на оваа мерка ќе се постапува согласно Одлуката за користење на финансиските средства од буџетот на Општина Гази Баба за субвенционирање на граѓаните на Општина Гази Баба за купување на печки на пелети број 09-1233/35 број 27 февруари 2023 (*Службен гласник на Општина Гази Баба бр.4 од 02 март 2023 година*) во која се регулирани постапката за субвенционирање на граѓани за купување печки на пелети, условите и висината на субвенцијата која ќе им се исплаќа на граѓаните.

**За спроведување на оваа мерка се предвидуваат финансиски средства во износ од 500.000,00 денари.**

***5. Субвенционирање на граѓаните на подрачјето на општина Гази Баба за вградување на уреди за течен гас/метан или друг вид на алтернативно гориво кај возила***

Како една од мерките за намалување на аерозагадувањето од сообраќајот е субвенционирањето на граѓаните за вградување на уреди за течен гас, метан или друг вид на алтернативно гориво во возилото. Со ваквиот начин на преадаптација на возилото се добива поеколошко и поекономично возило чии издувни гасови се “почисти”, а цената на алтернативното гориво (гас/метан) е пониска од обичното (бензин/дизел).

За спроведување на оваа мерка ќе се постапува согласно Одлуката за користење на финансиските средства од буџетот на Општина Гази Баба за субвенционирање на граѓаните на Општина Гази Баба за вградување на уреди за течен гас/метан или друг вид на алтернативно гориво во возилата, број 09-400/18 од 30 јануари 2023 година (*Службен гласник на Општина Гази Баба бр.2 од 31 јануари 2023 година)* во која се регулирани постапката, условите и висината на субвенцијата која ќе им се исплаќа на граѓаните.

**За спроведување на оваа мерка се предвидуваат финансиски средства во износ од 300.000,00 денари.**

***6. Субвенционирање на граѓаните на општина Гази Баба за чистење на оџаци во своите домаќинства***

Најголемиот проблем во областа на заштитата на животната средина, со кој се соочува Општина Гази Баба е нарушениот квалитет на амбиентниот воздух особено со партикуларните честички (ПМ10 и ПМ2,5). Една од поголемите причини за емисија на овие честички е затоплувањето на домовите кои не се приклучени кон централното градско греење, заради нецелосно и несоодветно согорување на огревното дрво, несоодветниот квалитет на дрвото, начинот на негово чување, употребата на стари, дотраени и технички неисправни печки како и нередовното одржување на димоводните канали (оџаци). Со зголемување на јавната свест за потребата од редовно одржување на димоводните канали очекуваме да се постигнат следните цели:

- Подобро согорување на огревното дрво,
- Намалување на штетните отпадни гасови,
- Намалување на сагите,
- Заштита од пожари,
- Намалување на трошоците за загревање,
- Заштита на животната средина и природата и
- Подигање на јавната свест кај граѓаните за потребата од редовно чистење на оџаците

За спроведување на оваа активност ќе се постапува согласно донесената Одлука за субвенционирање на граѓани за купување за чистење на оџаците број 09-400/19 од 30 јануари 2023 година (*Службен гласник на Општина Гази Баба бр.2 од 31 јануари 2023 година)* за 2025 година во која ќе се пропишат условите и висината на субвенцијата која ќе се исплаќа на граѓаните.

**За спроведување на оваа мерка се предвидуваат финансиски средства во износ од 50.000,00 денари.**

**7.** ***<u>Субвенционирање на граѓаните на општина Гази Баба за стерилизација на домашните миленици (кучиња и мачки)</u>***

Целта на давањето субвенции за стерилизација на домашни миленици е контрола и намалување на популацијата на бездомни животни, како и намалување на нивната агресивност. Кучињата и мачките имаат висока репродуктивна способност. Имено тие се размножуваат со геометриска прогресија, што значи дека од еден пар кучиња или мачки за 8-9 години може да се добијат до 60 000 потомци. Со стерилизација на домашните миленици се избегнуваат последиците кои произлегуваат од несаканите легла кое резултира со напуштање на домашни миленици и зголемување на бројот на бездомни животни во општина Гази Баба.

Оваа мерка за прв пат се спроведе во 2024 година согласно донесената Одлука за користење на финансиски средства од Буџетот на Општина Гази баба за надоместување на трошоците направени при стерилизација на домашните миленици (кучиња и мачки) број 09-5899/22 од 30 октомври 2024 година ( *Службен гласник на Општина Гази Баба 20/24*), во која се пропишани условите и висината на субвенциите кои ќе им се исплаќаат на граѓаните.

**За спроведување на оваа мерка се предвидуваат финасиски средства во износ од 200.000,00 денари.**

***<u>8. Еколошки конкурс</u>***

Подигањето на јавната свест е неопходна активност, која произлегува од одредбите на Законот за животна средина. Еден од начините на зголемување на јавната свест е преку доделување награди на физички и правни лица за нивниот придонес во развој на грижата за животната средина со што се зголемува нивото на јавната свест за заштитата на животната средина и природата.
Општина Гази Баба традиционално организира Еколошки конкурс “Денови на пролетта - Денови на екологијата” за најголем допринос во развојот на екологијата, во повеќе категории: најубаво уреден двор, најеколошка компанија, најголем придонес за екологијата и најубава творба на тема екологија. Еколошкиот конкурс ќе започне со првиот ден на пролетта 21 Март, а доделувањето на наградите ќе биде на 05 Јуни, на Светскиот ден на животната средина.

За спроведување на оваа мерка ќе се реализираат следните активности:

- Формирање на соодветна комисија
- Објавување на конкурс
- Прибирање на пријави
- Разгледување на пристигнати пријави, творби и посети на терен
- Доделување на награди

**За спроведување на оваа мерка се предвидуваат финансиски средства во износ од 300.000,00 денари.**

***9. Изработка на Елаборати за заштита на животната средина и Стратегиски оценки на влијанието врз животната средина***

Во секојдневните работни активности и подготовка на плански документации и започнување на нови проекти согласно Законот за животна средина потребно е да за запазуваат обврските при спроведување на активностите така согласно :

Членот 65 предвидува изготвување **Стратегиска оцена на влијанието врз животната средина** за плански документи кои се подготвуваат во областа на земјоделството, шумарството, рибарството, енергетиката, индустријата, рударството, транспортот, регионалниот развој, телекомуникациите, управувањето со отпадот, управувањето со водите, туризмот, просторното и урбанистичкото планирање и користење на замјиштето, Националниот акционен план за животна средина, локалните акциони планови за животна средина и др.стратегиски, плански и програмски документи.

Членот 76 предвидува изготвување **Оцена на влијанија врз животната средина** за проектите кои поради нивниот карактер, обем или локацијата на која се изведуваат, можат да имаат значително влијание врз животната средина.
Членот 24 предвидува изработка на **Елаборат за заштита на животната средина** за дејности или активности кои не спаѓаат во проектите за кои се спроведува постапка за оцена на влијанието врз животната средина.

**Активности:**

- Утврдување на потребата од изготвување на ОВЖС/Елаборат за животна средина
- Изготвување на ОВЖС/Елаборат за животна средина
- Доставување до надлежниот орган за одобрување

**За спроведување на оваа мерка се предвидуваат финансиски средства во износ од 100.000,00 денари.**

***10. Изработка на Елаборати за утврдување на границите на заштитните зони за водните тела наменети за водоснабдување за населени места Виниче и Брњарци***

Во Општина Гази Баба населението со вода за пиење се снабдува од изворот Рашче, бунарите Лепенец и Нерези, регионалниот водовод во село Јурумлери и од сопствени извори. Во руралниот дел од општината населението користи вода од сопствени бунари, извори и зафати. Урбаниот дел и дел од руралните места: Синѓелиќ, Стајковци, Трубарево и Инџиково се снабдува од регионалниот систем за водоснабдување на Град Скопје, што претставува покриеност од 85%. Во руралниот дел на општината водоснабдувањето се одвива од сопствени бунари, пумпи а во еден дел од Општината ридско-планинскиот постојат водоснабдителни системи изградени од само допринос на граѓаните и донации од Општината и Град Скопје.

Согласно позитивните законски регулативи кои ја уредуваат областа за заштита на водите и заради заштита на водните тела од кои се врши водоснабдување на граѓаните потребно е да се изврши нивна заштита преку воспоставување на и одржување на заштитни зони и тоа зона со строг санитарен надзор и една или повеќе пошироки заштитни зони. За утврдување на границите на заштитните зони за водите наменети за водоснабдување потребно е да се изработи елаборат за утврдување на границите на заштитните зони кој ќе биде изработен врз основа на истражувачки работи од страна на овластено стручно правно лице согласно закон.

Изминатата година се изработија два Елаборати за утврдување на заштитните зони населено места Раштак и Булачани. Елаборатите се доставени до Министерството за животна средина и просторно планирање и Министерството за здравство кои треба да изготват и достават предлог до Владата на Република Македонија за нивно прогласување.

За оваа година предвидено е изготвување на Елаборати за утврдување на границите на заштитните зони на бунарите за водоснабдување на населените места Виниче и Брњарци.

**Активности:**

- Утврдување на изворите за кои ќе се изработи Елаборат за утврдување на границите на заштитните зони на бунарските подрачја,
- Изготвување на Елаборатите за утврдување на границите на заштитните зони бунарските подрачја,
- Изготвување и донесување на правен акт за заштита на бунарското подрачје.

**За спроведување на оваа мерка се предвидуваат финансиски средства во износ од 1.100.000,00 денари.**

***<u>11. Одобрување на елаборати за заштита на животната средина</u>***

Согласно член 24 од Законот за животната средина, Општина Гази баба е надлежна за разгледување и одобрување на елаборати за заштита на животната средина за дејности и активности кои се наброени во Уредбата за дејностите и активностите за кои задолжително се изработува елаборат, а за чие одобрување е надлежен Градоначалникот на Општината, Градоначалникот на Град Скопје и Градоначалникот на општините во Градот Скопје.

Еколошкиот елаборат ги опфаќа сите влијанија на инсталацијата врз животната средина, а целта на елаборатот е сведување на загадувачките супстанции на најмала можна мерка и по можност, нивно анулирање.

**Активности:**

- Разгледување на доставениот Елаборат за заштита на животната средина,
- Изготвување забелешки на Елаборатот,
- Прием на корегиран Елаборат,
- Изготвување Решение за одобрување, или одбивање, кое го потпишува Градоначалникот на Општина Гази Баба.

**Потребни финансиски средства:**

За оваа активност не се предвидени финансиски средства.

***<u>12. Изготвување на физибилити студија за управување и третман на биолошки отпад (компостирање)</u>***

Во рамки на Проектот "Јакнење на општинските капацитети за имплементација на проекти" беше објавен прв повик до општините и центрите за развој на планските региони за поднесување барања за обезбедување на финансиска поддршка во изработка на физибилити студии со техничка документација за приоритетни инфраструктурни проекти во рамките на Фондот за техничка документација. Проектот и повикот ги спроведе УНДП и Бирото за регионален развој. Општина Гази Баба преку Скопскиот плански регион учествуваше во овој повик и обезбеди финансиски средства во Буџетот на општина Гази Баба за 2023 година во износ од 359.262,00 денари за изработка на *Физибилити студија и основен проект за управување и третман на биолошки отпад (компостирање) на територија на општина Илинден.*

Управувањето со отпадот во општината претставува област која е од исклучително значење во ланецот на обезбедување на здрава животна средина која може да се постигне преку сеопфатен пристап од страна на надлежните органи на национално и локално ниво, како и индустриските капацитети кои функционираат на територија на општина Гази Баба.

Во рамките на овој проект во 2024 година е изработена физибилити студија, во која се дадени препораки за избор на локација и избор на технологија за преработка на биолошки отпад и сеопфатна финансиска анализа, вклучувајќи ја потребната од инфраструктурна документација, потребата од возила, опрема и персонал, како и потребата од соодветно управување и третман на биолошкиот отпад. Во текот на 2025 година потребна е изработка на планска и проектна документација со прелиминарно техничко решение (идеен прокет), урбанистичко решение за локацијата како основа за изработка на урбанистички проект (проектно-планска документација) за избраната локација и изработка на комплетна техничка документација за објектот- Основен проект со неопходните придружни извештаи и елаборати.

**Финансиските средства за оваа активност се обезбедени и исплатени во 2023 година.**

***<u>13. Изработка на техничка документација со Физибилити студија за Собирен центар за управување со цврст отпад</u>***

Во рамките на Проектот "Јакнење на општинските капацитети за имплементација на проекти" објавен е прв повик до општините и центрите за развој на планските региони да поднесат барања за обезбедување на финансиска поддршка во изработка на физибилити студии со техничка документација за приоритетни инфраструктурни проекти во рамките на Фондот за техничка документација. Проектот и повикот ги спроведуваат УНДП и Бирото за регионален развој. Општина Гази Баба преку Скопскиот плански регион учествуваше во овој повик и обезбеди финансиски средства во Буџетот на општина Гази Баба за 2023 година во износ од 359.262,00 денари за изработка на *Техничка документација за собирен центар за управување со цврст отпад за општините Центар и Гази Баба, на територија на општина Гази Баба.*

Отпадот претставува голем проблем за локалната самоуправа. Со правилна стратегија за управување со цврстиот отпад и нејзина правилна имплементација ќе се овозможи понатамошен раст и развој на општината и на тој начин ќе се создадат подобри услови за живот на локалното население. Несоодветното управување со

отпадот во сите сегменти (собирање, транспортирање, третман и одлагање) може да предизвика директно загадување на почвата, површинските и подземните води, кои индиректно можат да влијаат и врз нарушување на здравјето на населението на општина Гази Баба. Во рамките на овој проектот во 2024 година е изработена физибилити студија, во која се дадени препораки за избор на локација, финансиска анализа вклучувајќи ја потребната инфраструктурна односно потребата од возила, опрема и персонал потребно за функционирање на собирниот центар.

Во текот на 2025 година потребно е да се изготви планска и проектна документација со прелимирнарно техничко решение (идеен прокет), урбанистичко решение за локацијата како основа за изработка на урбанистички проект (проектно-планска документација) за избраната локација и изработка на комплетна техничка документација за објектот-Основен проект.

**Финансиските средства за оваа активност се обезбедени и исплатени во 2023 година.**

***<u>14. Изработка на Акционен план на Зелената Агенда за општина Гази Баба</u>***

Акциониот план на Зелената агенда (АПЗА) произлегува од Проектот „Регионално партнерство за подобро спроведување на зелена агенда за западен Балкан на локално ниво“, кој се спроведува од страна на Центарот за климатски промени со кој Општина Гази Баба има потпишано Меморандум за соработка.

АПЗА има пет столба: декарбонизација; циркуларна економија; намалување на загадување; одржливо земјоделство и заштита на природата и биолошката разновидност. Основната цел на АПЗА за општина Гази Баба е да овозможи транзиција на нашата општина кон целите на ЕУ за јаглеродно неутрално општество преку инклузивно и транспарентно спроведување на АПЗА на локално ниво, со активна соработка на граѓанскиот сектор и сите засегнати страни. Специфичните цели на проектот се зајакнување на капацитетите на граѓанските организации и единиците на локална самоуправа за подобро вклучување во спроведувањето на Зелена Агенда и стимулирање на соработка помеѓу граѓанските организации и единиците на локална самоуправа; граѓанските организации да ги поддржат единиците на локална самоуправа во процесот на креирањето на локални политики за спроведување на Зелената Агенда на локално ниво, како и подигнување на свеста на граѓаните на општина Гази Баба за придобивките од Зелената Агенда.

Очекуваните резултати од АПЗА се: зајакнати капацитети на општината и граѓанските организации за следење на спроведувањето на Зелената Агенда на локално ниво, поголема вклученост во процесот на донесување одлуки, воспоставување на мониторинг за следење на спроведувањето на Зелената Агенда на локално ниво; развиени политики и стратегии за спроведување на Зелената Агенда на локално ниво и зголемена свест на пошироката јавност за придобивките од Зелената Агенда.

Во рамките на овој проект заради специфичноста со надлежностите на локалната самоуправа ќе се опфатат трите столба декарбонизација, кружна економија и намалување на загадувањето и ќе биде изготвен Акциски план за Зелена Агенда со што Општина Гази Баба ќе се вброи во првите локални самоуправи со ваков важен плански документ.

**Реализацијата на оваа активност нема да има финансиски импликации врз Буџетот на Општина Гази Баба за 2025 година.**

***15. Компаративна анализа на квалитетот на амбиентиот воздух во урбаната и руралната средина на територија на Општина Гази Баба***

Оваа активност ќе се спроведува во соработка со Универзитетот Гоце Делчев со кој Општина Гази Баба потпиша Меморандум за соработка. Активноста опфаќа мерење на квалитетот на амбиентниот воздухот на две локации во општина Гази Баба и обработка на податоците со цел добивање на компаративна анализа на квалитетот на амбиентиот воздух во двете средини, урбана и рурална.

За таа цел ќе бидат поставени два мерни инструмента на подрачјето на општина Гази Баба, еден во урбана и еден во рурална средина. Ќе се врши редовно одржување и навремена замена на филтри на двата мерни инструменти во текот на реализацијата на проектот. Анализата на добиените податоци од мерењата ќе биде презентирана во конечен извештај со направена компаративна анализа на квалитетот на воздухот во урбаната и руралната средина.

**Реализацијата на оваа активност нема да има финансиски импликации врз Буџетот на Општина Гази Баба за 2025 година.**

***16. Организирање на Генералка викенд 2025 година***

„ГЕНЕРАЛКА ВИКЕНД“ е пролетна акција за чистење и селектирање отпад која се спроведува на цела територија на Р.С. Македонија во организација на Мен енд Маунтен ДОО. Во 2025 година ќе се спроведе петото издание на оваа пролетна акција за чистење и селектирање отпад.

Целта на Генералка викенд е да го расчистиме и рециклираме непрописно одложениот отпад на територија на општина Гази Баба, а со тоа, нашата општина да ја претвориме во зелена иднина за сегашните и идните генераци.

Активноста ќе се спроведе во месец мај 2025 година на територија на општина Гази Баба од страна на вработените во општината, јавното комунално претпријатие, со вклучување на сите засегнати страни и волонтери од општината. Собраниот отпад ќе биде подигнат од страна на организаторот преку ангажирање на претпријатие за собирање на комунален отпад.

**За реализација на оваа активност општината нема да има финансиски импликации.**

***17. Искористување на земјиштето и вреднување на екосистемските услуги за шумски и тревни екосистеми на пилот-локалитетите во северо-западниот дел на Северна Македонија***

Програмата на Обединетите нации за животна средина (UNEP) во соработка со Министерството за животна средина и просторно планирање на С. Македонија (МЖСПП) го спроведува проектот „Промовирање на одржливо управување со земјиштето, преку зајакнување на правната и институционалната рамка, градење на капацитети и реставрација на најранливите планински предели“, кој е финансиран од Глобален Еколошки Фонд. Проектот има за цел да придонесе кон намалување на деградацијата на земјиштето и интегрирано управување со природните ресурси. Во рамките на проектот се спроведуваат активности за изработка на четири Локални еколошки акциони планови, за чија реализација се одговорни Милиеу Контакт Македонија (МКМ) и вреднување на екосистемите и екосистемските услуги во шест општини, за чија реализација е одговорно Македонското еколошко друштво (МЕД).

Општина Гази Баба е една од шесте општини во кои се спроведува проектот и ќе се спроведат активности за вреднување на екосистемите, екосистемските услуги и намалување на деградација на земјиштето. Во тек се подготовка на програми за пошумување на 6 пилот локации, избор на видови, техники на садање и мерки за одгледување.

Согласно програмските активности за предлог локација за пошумување во Општина Гази Баба е избрано селото Страчинци кое претставува силно ерозивно земјиште. Оформувањето на шума над селото ќе допринесе за намалување на природните катастрофи како што се поплави и ерозија.

Врз основа на Анализата на националните и посебните планови за стопанисување со шумскостопанските единици, како и теренските посети се предвидува активностите за пошумување да се одвиваат на три работи површини и тоа: Работна површина 1, (Балика), Работна површина 2 (Говедарица) и Работна површина 3 (Дрезга). Утврдената вкупна површина на земјиштето над с. Страчинци (232,00ha) во категоријата на земјиште на кое може да се пошумува се 46% или 107,02ha. Почетокот на активностите за садење се директно поврзана со траењето на вегетациониот период кај растенијата односно во време на мирување на вегетацијата. Се планира пошумувањето на голи терени да се врши во есенските месеци, во време на мирување на вегетацијата, но доколку нема ниски зимски температури тогаш може да се практикува и садење и во зимските месеци. Согласно горенаведеното, активностите за пошумување може да траат и во месеците декември, јануари, февруари и март доколку временските прилики го дозволуваат тоа. Започнувањето на активностите ќе зависи од спроведување на постапките за набавка на предвидените садници согласно Програмата за пошумување која ќе се изготви во рамките на проектот.

**За реализација на оваа активност општината нема да има финансиски импликации.**

***<u>18. Изработка на Локален план за управување со води</u>***

Во рамките на проектот „Зајакнување на капацитети на ЗЕЛС, и претставување на локален интегриран систем за управување со води“, поддржан од Регионалната мрежа за развој на капацитети за водоводни и канализациски услуги (RCDN), ГИЗ и швајцарската SECO спроведуван од ЗЕЛС, а со цел воспоставување координирана и интегрирана соработка меѓу единицата на локална самоуправа и јавното комунално претпријатие се планира подготовка на локални интегрирани планови за управување со водите во неколку пилот општини во Македонија. За воспоставување координирана и интегрирана соработка меѓу единицата на локална самоуправа и јавното комунално претпријатие се планира подготовка на локални интегрирани планови за управување со водите во пилот општините.

Врз основа на спроведениот процес на селекција на добиените апликациски формулари за повикот „Подготовка на интегриран план за управување со води на локално ниво“, општина Гази Баба, како трето-рангирана во групата општини со над 40.001 жител, е избрана да учествува во процесот на подготовка на планот, за што ќе добие техничка поддршка од проектот **Зајакнување на капацитети на ЗЕЛС, и претставување на локален интегриран систем за управување со води,** поддржан од GIZ RCDN и швајцарската SEC.

**За реализација на оваа активност општината нема да има финансиски импликации.**

***19. Реализација на активности за проектот ‘’Училишни Улици”***

Проектот **‘’Училишни Улици”-** ќе се реализира во соработка со ,,**Здружение на граѓани за унапредување на велосипедизмот Вело Училишта Скопје**“ и има за цел да го зголеми и унапреди знаењето за темите велосипедизам, одржлив транспорт и безбедност во сообраќајот кај децата, родителите, наставниците во општината. **Општина Гази Баба** во соработка со **Вело Училишта** ќе се вклучи во организацијата на вело активности на територијата на општината и ќе пружи помош и поддршка при организација на вело активности, а исто така ќе предлага свои вело активности како дел од својата програма на активности. Согласно меморандумот за соработка со Здружение на граѓани за унапредување на велосипедизмот Вело Училишта - Скопје, општината ќе треба да ги спроведе/поддржи следните активности:

- Стимулирање на активно учество на основните училишта во програмата преку информативни соопштенија и известувања,
- Обезбедување на соодветен простор во општината (доколку е потребно) за одржување на неколку часовна работна средба со засегнати страни и таргет групи кои се дел од вело мрежата, со претходна најава за барање на термин од страна на “ВЕЛО УЧИЛИШТА“,
- Следење на реализација на програмата и активности како дел од истата,
- Учество на работни средби со претставници на “ВЕЛО УЧИЛИШТА“ и претставници на Општината вклучени во мрежата со цел подобрување на одредена состојба поврзана со темите велосипедизам, безбедни зони околу училиштата и друго,
- Учество во работни групи со цел подобрување на безбедноста во сообраќајот околу ООУ “Вера Јоциќ “ кое е вклучено во мрежата на вело училишта и има потпишано меморандум за соработка со ,,**Здружение на граѓани за унапредување на велосипедизмот Вело Училишта Скопје** “
- Поддршка во организирање на т.н “Вело Родео“ и/или детска трка, настан во кој право на учество ќе имаат деца, наставници и родители (отворен карактер);
- Промоција на програмата преку општинскиот магазин и веб страната на општината.

**За спроведување на оваа мерка се предвидуваат финансиски средства во износ од 150.000,00 денари.**

Оваа програма влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Гази Баба", а ќе започне да се применува од 1 јануари 2025 година.

**Број 09-6769/28**
**од 25 декември 2024 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**м-р Сашо Кукески, с.р.**